# З А П И С Н И К
## Од Триесет и осмата седница на Програмскиот совет на МРТ одржана на 17.04.2026 година, во 11:00 часот, сала за состаноци во МРТ

**Присутни членови на Триесет и осмата седница на Програмски совет на МРТ:** ***Давор Пашоски, Ивана Ефремовски, Бурим Рамадани, Билјана Бабиќ, Патриот Лумани, Беким Лачи, Томислав Кежаровски, Миле Гроздановски, Марјан Велевски, Музбајдин Ќамиљи, Владимир Палашевски, Маја Седрак и Лазо Трпков.***

**Други присутни на седницата:** ***Јана Граматниковска Стручен соработник 2 во Сектор за управување со човечки ресурси, Горан Милковски Уредник на редакција за меѓународен спорт во Спортска програма на МТВ1, Захарија Вулгаракис Директор на МТВ и Драган Николовски Одговорен уредник на МТВ1.***

Триесет и осмата седница на Програмскиот совет започна во 11:16 часот, со утврдување присуство на сите членови, односно обезбеден кворум за работа од страна на Претседателот на Програмскиот совет Давор Пашоски.

Претседателот на програмскиот совет,  Давор Пашоски го прочита Дневниот ред за Триесет и осмата седница, како што следува подолу:

**Дневен ред:**

1. **Разгледување и усвојување на Записникот од 37-та седница на Програмскиот совет на МРТ**
2. **Приговор од Горан Милковски**
3. **Барање од Синдикалната организација при МРТ за усогласување на Колективниот договор на ЈРП МРТ во делот на член 1 (измени и дополнувања)**

Претседателот го стави Дневниот ред на гласање:

- **За гласаа 13 (тринаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ**

### Точка 1. Разгледување и усвојување на Записникот од 37-та седница на Програмскиот совет на МРТ

Претседателот на Програмскиот совет на МРТ го прочита текстот на Предлог-записникот од Триесет и седмата седница на Програмскиот совет. Текстот на предлог записникот беше ставен на гласање:

- **За гласаа 13 (тринаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ**

**Точка 2. Приговор од Горан Милковски**

Претседателот на Советот ја отвори втората точка од дневниот ред – Приговор од Горан Милковски, поднесен до Програмскиот совет на МРТ, кој се однесува на Одлуката за избор по Интерен оглас бр. 01/2026 за работното место Одговорен уредник на Трет програмски сервис – Канал 3.

Тој посочи дека најнапред потребно е јасно да се утврдат надлежностите на Програмскиот совет согласно Статутот на МРТ.

Согласно член 43 од Статутот на ЈРП Македонска радио-телевизија, Програмскиот совет на МРТ има надлежност да дава согласност на именувањата или разрешувањата на одговорните уредници во МРТ.

Понатаму, согласно истата одредба пред да ја донесе одлуката за именување или разрешување на одговорните уредници на МРТ, Директорот на МРТ е должен да побара согласност од Програмскиот совет на МРТ, а со барањето го доставува и мислењето на Уредништвото.

Воедно Уредништвото на МРТ го сочинуваат одговорните уредници на програмските сервиси на МРТ.

Оттука, согласно утврдените надлежности од Статутот и позитивните прописи, потребно е јасно да се нагласи дека Програмскиот совет нема функција на орган што ја спроведува постапката за избор, ниту пак учествува во поединечните фази на селекција на кандидатите. Советот не врши интервјуирање на пријавените кандидати, не врши нивно оценување или рангирање, ниту пак донесува одлука кој кандидат ќе биде избран во самата постапка. Исто така, Програмскиот совет не ја заменува надлежната конкурсна комисија, стручните служби од областа на човечки ресурси, ниту директорот на МРТ како орган надлежен за донесување одлука по спроведената постапка. Улогата на Советот е ограничена и јасно утврдена – да постапува во рамки на својата законска и статутарна надлежност преку давање или недавање согласност врз основа на веќе спроведена постапка и доставена документација.

Во конкретниот случај, до Советот е доставен приговор од Горан Милковски.

Се констатира дека приговорот е навремено поднесен и Советот го зема истиот во разгледување.

Воедно, потребно е да се констатира дека кон приговорот не е приложена дополнителна доказна документација со која би се поткрепиле изнесените наводи.

Во приговорот се наведени одредени тврдења и лични ставови, но без приложени конкретни материјални докази врз основа на кои Советот би можел непосредно да утврдува фактичка состојба различна од службено доставената документација.

Токму поради целосно, совесно и објективно постапување, од страна на Претседателот на Програмскиот совет беше побарана службена информација и целокупната документација поврзана со предметната постапка.

Во таа смисла до Програмскиот совет се доставени:

- Барање за отпочнување постапка за пополнување работно место по пат на унапредување
- Интерен оглас бр. 01/2026
- Одлука за формирање Комисија за селекција
- Записник од административна селекција
- Записник од интервју
- Финална ранг-листа и предлог одлука
- Мислење од Уредништвото
- Одлука за избор на кандидат
- Правилник за вработување, унапредување и распоредување

Од увидот во целокупната доставена документација произлегува дека предметната постапка е водена уредно, согласно предвидените правила, пропишаните процедури и фазите утврдени со важечките акти. Најнапред е иницирана постапка за пополнување на работното место, по што е објавен интерен оглас со утврдени услови и критериуми. Понатаму, донесена е одлука за формирање надлежна комисија која ја водела постапката, по што е спроведена административна селекција на пријавените кандидати. За кандидатите кои ги исполниле формалните услови е спроведено интервју, врз основа на кое е изготвена финална ранг-листа. Согласно резултатите од спроведената постапка, на крај е донесена и соодветна одлука за избор на кандидат.

Согласно сето наведено, а со цел службено да се утврди фактичката состојба, како и да се констатира дека целокупната потребна документација е доставена на увид до Програмскиот совет, ги повика претставниците од Секторот за човечки ресурси да се произнесат во однос на следното:

1. кои документи биле задолжителни согласно интерниот оглас;
2. дали избраниот кандидат Бранко Чупевски ги доставил сите потребни документи;
3. дали ги исполнувал условите за учество во постапката;
4. дали постапката е водена согласно Правилникот.

Збор зема Јана Граматниковска Стручен соработник 2 во Сектор за управување со човечки ресурси која ги достави на увид документите кои се доставени по однос на интерниот оглас за избор на Одговорен уредник на МТВ3, а се во надлежност на Комисијата која го врши изборот. Таа рече дека секој кандидат пополнува пријава за документите што ги доставува, а потоа се разгледуваат истите дали се во ред. Тоа се документи што се наведени во општи и посебни услови на интерниот оглас. Понатаму следна фаза е интервјуто, а потоа Комисијата одлучува кој кандидат е избран. Воедно таа истакна дека сите кандидати доставиле уредни и релевантни документи.

Во согласност со излагањето на стручната служба и доставените материјали, се констатира дека избраниот кандидат Бранко Чупевски ги доставил сите документи утврдени со огласот и ја поминал постапката согласно пропишаните правила.

Маја Седрак зема збор и рече дека овој тип на избор на Одговорен уредник не е во согласност со Законот за јавни претпријатија, бидејќи се прерипуваат неколку скалила за унапредување, исто така и согласно Законот за административни службеници има ограничувања и дека не може од новинар да биде унапреден во Одговорен уредник. Според неа не треба да има интерен оглас, туку јавен оглас.

На ова одговори Јана Граматниковска која рече дека до сега сите огласи, односно сите интерни огласи се воделе според Правилникот за вработувања, унапредување и распоредување на даватели на услуги и помошно технички лица во ЈРП МРТ донесен во 2020 година, кој пак е во согласност со Закон за вработените во јавниот сектор.

Потоа збор зема Владимир Палашевски кој рече дека во Правилникот стои дека – може да е на работно место на пониско ниво од работното место за кое е објавен интерниот оглас и дека доколку нешто не е прецизирано со закон, тоа се прецизира со Правилник како општ акт.

Понатаму збор зема Томислав Кежаровски кој праша каква е таа игнорирана судска одлука која ја наведува Горан Милковски во Приговорот.

Јана Граматниковска објасни за што станува збор, односно дека Горан Милковски поднел тужба за неправедно исфрлање уште во фазата на административна селекција за интерен оглас спроведен во 2020 година. Судот пресудил во корист на Милковски, со што потврдил дека работодавачот требало да го испрати на лекарски преглед или да искористи потврда од систематски преглед која ја има кај службите, а не да биде третиран како неуреден кандидат. Следствено на тоа, судот донел одлука дека одлуката за избор на кандидат по тој оглас се поништува и дека избраниот кандидат треба да се врати на претходното работно место, при што пресудата била спроведена.

Следно Претседателот Давор Пашоски го повика подносителот на приговорот, Горан Милковски, да го образложи својот приговор.

Горан Милковски рече дека ова е трет интерен оглас на кој се случува идентична ситуација и дека сите три пати тој реагира. Тој смета дека избраниот кандидат не доставил релевантни докази и дека Комисијата за избор направила грешка. Воедно тој рече дека избраниот кандидат свесно дал лажен исказ под кривична одговорност, односно дека во пријавата што ја потпишал податоците не се точни, а сето тоа бидејќи не ги исполнувал посебните услови за раководно искуство (2 години во јавен или 3 години во приватен сектор). Исто така, тој рече дека избраниот кандидат лажно се претставувал и извршил узурпација на ингеренции, со што предизвикал хаос на организациски и на програмски план. Тој продолжи со тоа што рече дека со изборот на тој кандидат е сторено игнорирање на Мерит-системот, затоа што тој никогаш немал раководна функција, наспроти кандидатурата на Горан Милковски кој е Магистер со над 23 години искуство на уреднички позиции и со докажан придонес во менаџирање на програмата во Јавниот сервис, поранешен претседател на Комисијата за јавни набавки, како и член во голем број владини и невладини организации, домашни и меѓународни. Горан Милковски говореше и за компромитирана неутралност на Комисијата за избор и дека тоа треба да биде предмет на дополнителна истрага, бидејќи свесно се фаворизирал неквалификуван кадар. Понатаму спомена и несовесно работење на службата, поради игнорирање на судски пресуди. На крај тој побара од Програмскиот совет итно поништување на одлуката за избор како правно ништовна, целосен увид во документацијата на сите кандидати за да се утврди каде е направен пропустот при бодувањето, барање на одговорност на комисијата за низа пропусти со кои според него се изманипулирани другите инстанции, како и Програмскиот совет на МРТ и преиначување на Одлуката за избор на најдобар кандидат, согласно законските одредби, Мерит-системот и сите параметри за избор.

Потоа Претседателот Давор Пашоски ја повика Комисијата за селекција да даде кратко образложение во однос на спроведената постапка.

Прв зема збор Захарија Вулгаракис Директор на МТВ, кој ја објасни постапката за избор на Одговорен уредник на МТВ3 и рече дека на конкурсот се пријавиле двајца кандидати и тоа Бранко Чупески и Горан Милковски. Во согласност со доставената документација е утврдено дека и двајцата кандидати ги исполнуваат условите предвидени во интерниот оглас. Следната фаза е интервју, на кое покрај некои прашања имало и клучно прашање - како кандидатите го гледаат развојот на Третиот програмски сервис на МТВ и како би го подобриле. Одговорите на Горан Милковски биле паушални објаснувања за развојот на МТВ3, повеќе објаснувал за тоа колку е тој квалитетен, додека пак, Бранко Чупески имал подготвена програма од 30 страници во која детално образложил со податоци, информации, идеи како планира да се развива Третиот програмски сервис на МТВ. Воедно тој истакна дека

Бранко Чупески неколку години наназад најмногу од сите новинари се ангажирал за придонес и развој на МТВ. Исто така за преносот на Зимските олимписки игри, додека другите колеги биле на боледување, тој седел на работа и коментирал 12 часа, а му помогнал и Драган Николовски кој е Одговорен уредник на МТВ1.

Следен зема збор Драган Николовски Одговорен уредник на МТВ1, кој рече дека интервјуто е посебен филтер и не е некоја научна фантастика и дека освен прашањето за визијата и развојот на Третиот канал имало и прашање за општи познавања во делот на систематизацијата на МРТ, за кои кандидатот Горан Милковски одговорил дека не е запознаен.

Потоа зема збор Ивана Ефремовски која истакна дека кариерата на Милковски за никого не е спорна, напротив, дека со сигурност тој е еден од најдобрите спортски новинари во Македонија, но дека е потребно јасно да се знаат кои се ингеренциите на Програмскиот совет кој не бира уредници, ниту пак е истражен орган кој проверува документација.

Претседателот Давор Пашоски истакна дека по разгледување на приговорот, доставената службена информација, целокупната приложена документација, како и излагањата на стручните служби, Комисијата и подносителот на приговорот, Советот ги земал предвид сите наводи содржани во приговорот, вклучително и наводите што се однесуваат на исполнување на посебните услови, веродостојноста на доставените изјави и документи, објективноста на постапката, работата на Комисијата, како и останатите прашања наведени од подносителот.

По извршениот увид и разгледување, се констатира дека за истите не се доставени конкретни и релевантни докази што би ја довеле во прашање законитоста и правилноста на спроведената постапка, ниту дека се утврдени околности што би биле основ за поинакво одлучување.

Тој продолжи дека од доставената документација произлегува дека постапката е спроведена во согласност со важечките прописи, интерни акти и утврдени процедури, а избраниот кандидат ги исполнува условите утврдени со интерниот оглас.

Воедно, Претседателот повторно потенцираше дека Програмскиот совет не избира кандидат, туку дава согласност врз основа на веќе спроведена постапка и доставена документација, согласно своите надлежности утврдени со Статутот. Советот не е конкурсна комисија, туку орган што дава согласност согласно Статутот.

Во продолжение Претседателот ја стави на гласање следната предлог-одлука:

Програмскиот совет на МРТ, по разгледување на приговорот поднесен од Горан Милковски, утврди дека истиот е неоснован и се одбива, бидејќи постапката е спроведена согласно важечките прописи и интерни акти, а избраниот кандидат ги исполнува условите утврдени со Интерниот оглас бр. 01/2026.

- **За гласаа 12 (дванаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ**
- **Воздржан гласаше 1 (еден) член на Програмскиот совет на МРТ, Маја Седрак**

**Точка 3. Барање од Синдикалната организација при МРТ за усогласување на Колективниот договор на ЈРП МРТ во делот на член 1 (измени и дополнувања)**

Претседателот ја отвори третата точка од дневниот ред – Барање од Синдикалната организација при МРТ за усогласување на член 1 од Колективниот договор на ЈРП МРТ согласно Законот за минимална плата.

До Програмскиот совет е доставено барање од Синдикалната организација при МРТ, како и дополнителна ургенција, со кои се бара постапување во однос на усогласување на член 1 од Колективниот договор на ЈРП МРТ со законските измени што произлегуваат од Законот за минимална плата.

Имајќи предвид дека станува збор за прашање што произлегува од законска обврска, како и прашање што се однесува на права од работен однос, Советот смета дека по истото е потребно навремено и соодветно постапување од страна на директорот на МРТ и надлежните служби, согласно важечките прописи.

Воедно, Советот ја истакнува потребата сите прашања поврзани со правата на вработените и примената на Колективниот договор да се решаваат преку институционален дијалог и согласно закон.

Во таа смисла, Претседателот Давор Пашоски го стави на гласање следниот предлог-заклучок:

Програмскиот совет на МРТ го задолжува Директорот на МРТ да постапи по законската обврска и да пристапи кон усогласување на член 1 од Колективниот договор на ЈРП МРТ согласно Законот за минимална плата.

- **За гласаа 13 (тринаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ**

Пред затворање на седницата, Претседателот информираше дека до Програмскиот совет е доставено барање од Самостојниот синдикат на новинари и медиумски работници, кое се

однесува на не функционалната рампа на паркинг просторот во МРТ и потребата од соодветно постапување по однос на истото.

Со оглед дека станува збор за прашање од техничко-оперативен карактер и не претставува точка од денешниот дневен ред, се констатира дека надлежните служби и раководството на МРТ треба да го разгледаат предметното барање и да преземат соодветни активности во рамки на своите надлежности, водејќи сметка за фактичката состојба, имотно-правните аспекти, како и евентуалната надлежност на други субјекти во однос на предметниот простор.

Воедно, Советот ја истакнува потребата сите прашања што влијаат врз условите за работа на вработените да бидат навремено разгледувани и соодветно третирани.

Бидејќи се исцрпија сите точки од дневниот ред, Претседателот Давор Пашоски констатираше дека 38-та седница е завршена. Претседателот се заблагодари за конструктивната дискусија, со што ја затвори триесет и осмата седница на Програмскиот совет на МРТ во 13:01 часот.

Записникот го водеше:

Емилија Камчева Стојановска

Претседател на Програмски Совет на МРТ

02-2238/5
17.04.2026г.

_________________________

Давор Пашоски